# Топлификација АД - Скопје

**Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија**

**До**

**Управа за финансиска полиција - Скопје**
**За г-н дир.Арафат Муареми**

Лондонска 8
1000 Скопје

Тел: +389 2 3097 615
Факс: +389 2 3076 057
kontakt@toplifikacija.mk
www.toplifikacija.mk

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
06.06.2018
1517/1

Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија
ТОПЛИФИКАЦИЈА АД
Бр. 01-241/1
Скопје, 06.06.2018

**Предмет: Информација**

Комбинираното производство на електрична и топлинска енергија базирано на природен гас е основниот енергетски објект кој на топлификационите системи може да им обезбеди конкурентност во однос на алтернативните начини за затоплување во големите урбани целини.

Имајќи го во предвид тој факт Топлификација АД уште во 1997 година почна сериозни активности за реализација на проект за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.

Со оглед на фактот дека реализацијата на таков проект е поврзана со сериозни финансиски вложувања и претставува комплексен проект за реализација, Топлификација АД од почетокот имаше цел за овој проект да обезбеди сериозен партнер со искуство во електроенергетскиот сектор.

Во пролетта 1997 година Топлификација АД ја почна соработката со ЕДФ (Electricite de France), францускиот државен енергетски гигант, за реализација на комбинирано производство на топлинска и електрична енергија. Во март 2000 година беа завршени сите подготвителни работи за почеток на реализација на овој проект. Топлификација АД и ЕДФ потпишаа конзорциумски договор за градба на објектот во кој Топлификација АД имаше 20% учество, а ЕДФ 80% учество. Но за жал тогашното раководство на Електростопанство на Македонија одби да купува електрична енергија од тој проект. После таквата одлука на македонската државна компанија, по три години интензивна работа ЕДФ ги прекина сите активности и со официјални информации до Топлификација АД и до Владата на РМ информира дека го напушта проектот.

После тоа Топлификација АД се обидуваше со други партнери да го реализира овој проект бидејќи беше јасно дека без таков проект при либерализација на енергетските пазари топлификациониот систем не може да ја издржи конкуренцијата на алтернативните можности за затоплување на објектите.

Финално во мај 2007 година, со плаќање на 20 милиони евра аванс започнува градбата на ТЕ ТО АД, во кој партнер на Топлификација АД е руски инвеститор претставуван во ТЕ ТО АД преку две offshore компании Bitar Holdings Limited (БХЛ) и Project Management Consulting (ПМК).

Банки кредитори на проектот се Landesbank Berlin (ЛББ), го кредитира делот на рускиот инвеститор и Комерцијална Банка АД, го кредитира делот на Топлификација АД.

Носители на договорот за градба на објектот по принципот "клуч на рака" се ALSTOM Франција, која ја испорачува целокупната опрема и GAMA Турција која е монтажер на опремата.

Целокупната реализација на проектот ја контролира консултантската куќа одобрена од ЛББ COLENCO AG. Целокупната постапка за избор на изведувачи на проектот, од тендерска документација до финален предлог на фирми кои ќе учествуваат во изградбата го реализираше COLENCO AG. Без одобрување на контролната консултантска куќа ниедна фактура за градба на објектот не можеше да биде реализирана.

Благодарение на таквата организација на реализацијата на проектот финалната инвестиција за овој проект е над 30% పониска по инсталирана електрична моќност на објектот од денешните инвестиции во регионот на таков тип објекти.

Градбата на објектот финално завршува до крај на 2011 година, а во февруари 2012 година ТЕ ТО АД добива употребна дозвола и официјално почнува работењето на објектот.

**За жал од тој момент почнуваат проблемите со ТЕ ТО АД, но почнува сериозни проблеми да има и Топлификација АД.**

Во јуни 2012 трета Offshore фирма Kardicor Investment Limited купува 16,6% акции од Топлификација АД за 3,7 милиони евра.

**Во јули 2012 година при контролата на цената на Топлификација АД за следната грејна сезона 2012/2013 година РКЕ при одобрувањето на цената за трите регулирани дејности генерира директна штета на Топлификација АД во висина од над 4 милиони евра со цел Топлификација АД да не може да продолжи да работи во вториот дел од 2012 година. Моќни приватни медиуми почнуваат сериозна медиумска кампања против Топлификација АД.**

ТЕ ТО АД во 2012 година покажува загуба од околу 12 милиони евра, најмногу поради енормен трошок за консултантки и интелектуални услуги кои во таа година изнесувале 6,2 милиони евра. **Не е исклучено тие консултантски услуги да се изворот на средства за купување на акциите на Топлификација АД и за обид за целосно преземање на управувањето со фирмата.**

**Во периодот 2012 - 2016 година ТЕ ТО АД покажува вкупни загуби од над 35 милиони евра.**

Со одлука на Врховниот суд на РМ од 27.12.2017 година Топлификација АД го добива клучниот процес во односите со ТЕ ТО АД со што практично има можност сите заеми дадени на ТЕ ТО АД во процесот на градба во висина од над 22 милиони евра да ги наплати од ТЕ ТО АД.

Од тој момент, а особено од 15.02.2018 година кога на ТЕ ТО АД и на неговиот моќен адвокатски тим му е јасно дека нема можност ништо да се смени во одлуката на Врховниот суд почнува серија на целосно незаконски активности со кои директно се прави штета на Топлификација АД, **а постои сериозна можност штета да претрпи и Република Македонија поради сериозни пропусти на судот во стечајната постапка која ТЕ ТО АД ја покренува сам на себе.**

Причина за покренување на стечајната постапка сам на себе се спогодби помеѓу ТЕ ТО АД и БХЛ, кој во моментот поседува 89,2% од акциите на ТЕ ТО АД, за признавање на достасаност на долг во вкупен износ од над 42 милиони евра. Овие спогодби кои согласно Законот за трговски друштва се зделки со заинтересирани страни, нотар без да направи никаква проверка на фактот дали учесниците на спогодбите се заинтересирани страни ги солемнизира спогодбите со што овие незаконски спогодби стануваат извршна исправа. Со три такви извршни исправи во вкупен износ од над 42 милиони евра БХЛ го блокира ТЕ ТО АД по три основи: сметките во банки, подвижниот имот и недвижностите. Овие блокади и извршните исправи се основа за барање на стечај на ТЕ ТО АД, со поднесување на план за надминување на состојбата.

**Со барањето за стечај доставено во Основниот суд Скопје 2 Скопје ТЕ ТО АД достава и план за реорганизација во кој предлага да се отпишат 90% од побарувањата на БХЛ и Топлификација АД.Тоа значи БХЛ да отпише над 100 милиона евра, а Топлификација АД да отпише 26 милиони евра.**

Целокупната оваа активност на ТЕ ТО АД ја води сегашниот претседател на УО на ТЕ ТО АД, кој според статутот на ТЕ ТО АД може да носи одлуки до 30.000 евра без одлука на УО и НО на фирмата. Предложениот план до судот нема одлука за усвојување ниту од УО ниту од НО на ТЕ ТО АД, а за такви одлуки мора да има одлука и од собрание. Исто така за сите активности нема никаква одлука од сопственикот на БХЛ, а тоа е акционерското друштво ТГК-2 од Руската Федерација.

**Навистина е нејасно како вакво целосно некомплетно барање за стечај до судот без никаква забелешка е процесирано од страна на судот.**

**За сите овие дејствија Топлификација АД поднесе тужби пред надлежниот суд, а поднесени се и кривични пријави против одговорните лица во овие постапки.**

Во прилог на оваа информација го доставаме Алтернативниот предлог за реорганизација доставен до судот од страна на Топлификација АД.

Во првиот план доставен од вработените на ТЕ ТО АД до судот се намируваат само седумдесетина милиони евра на доверителите, а во вториот на Топлификација АД над 170 милиони евра долгови на доверителите.

**Со оглед на фактот дека во оваа постапка БХЛ треба да отпише побарување од ТЕ ТО АД во висина од над 100 милиони евра, а за тоа нема документи во постапката дека сопственикот на БХЛ е запознаен, доколку овој план се усвои во судската постапка, постои можност сопственикот на БХЛ да ја тужи РМ на арбитражен суд во Европа за штета претрпена со судска постапка во РМ.**

Во моментот за сличен случај на стечај таква постапка веќе е поведена.

Во Алтернативниот план за реорганизација на ТЕ ТО АД, изработен од Топлификација АД, е предвидена можност за реорганизација на ТЕ ТО АД која може да биде интересна за Владата на РМ.

Имајќи ги во предвид погоре изнесените факти и податоците наведени во Алтернативниот план на Топлификација АД сметаме дека Владата на РМ треба да биде запознаена со состојбата во ТЕ ТО АД кој е енергетски објект изграден со дозвола на државата.

Добиената дозвола за градба на овој енергетски објект значи дека на РМ овој објект е неопходен за енергетскиот систем. Многу е ретка праксата држава да дозволи градба на електроенергетски капацитет кој не е во функција на енергетскиот систем на државата. Таквата позиција на објектот истиот го обврзува да ги исполнува условите од добиената дозвола во целиот период од неговото работење.

**Топлификација АД**
**Претседател на Управен Одбор**
**Др Димитар Хаџи Мишев**